**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1695/**

# З А П И С Н И К

**Од 215.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 28.03.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Јана Граматниковска-Одделение за човечки ресурси, Валбона Зунче-Пајазити-Одговорен уредник на Трет програмски сервис МРА. |

**215.седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 12.00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 214.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2022 година.

3. Разгледување на Жалба со бр.04-888/5 од 27.03.2023 година по Решение за дисциплинска неуредност.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 214.Седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 214.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 214.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 214.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2022 година.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац на почетокот на своето излагање по оваа точка ги објасни законските рокови за доставување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2022 година до Собранието на РМ заеедно со Финанискиот извештај за 2022 година.
На оваа седница од Одговорните уредници на Македонското радио беше присутна Валбона Зунче-Пајазити, Одговорен уредник на Трет програмски сервис МРА, која во своето излагање кажа дека вработените во Третиот програмски сервис на МРА тимски работеле на подобрување на содржинискиот дел од радиопрограмската шема и тоа со ист кадар без нови вработувања и без подобрувања на техничките услови.
Во продолжение Валбона појасни дека како в.д уредник на сервисот се соочила со многу потешкотии, но со многу упорност и посветеност се успеало да се збогати програмата со многу рубрики и нови емисии, кои се навистина корисни и важни за слушателите, и во продолжение пред членовите ја претстави содржината на шемата во 2022 година заедно со промените кои биле напрвени.

По расправата Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2022 година.

■**Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2022 година** беше ставен на гласање

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2022 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување на Жалба со бр.04-888/5 од 27.03.2023 година по Решение за дисциплинска неуредност.**
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед во оваа точка и ги стави на разгледување материјалите по Жалбата бр.04-888/5 од 27.03.2023 г.
Јана Граматниковска од Одделението за човечки ресурси објасни законски како е поднесено Решението за дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност, кој го поднел и врз основа на што е поднесена.
Од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по Жалбата со бр.04-888/5 од 27.03.2023 година и по расправата одлучи:

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

■По расправата **Жалбата со бр.04-888/5 од 27.03.2023** година, на вработената Вики Илиева беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа:**10** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **1** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ ја **уважи** Жалбата со бр.04-888/5 од 27.03.2023 година на вработената Вики Илиева.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беа разгледани два дописи пристигнати до Програмскиот совет по пошта:
-Известување со бр.13-1156/1 од 28.02.2023 година.
-Информација со бр.14-1131/4 од 03.03.2023 година.

Седницата заврши во 13.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател